Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-331
08.11.2021 година
Велес

До
Сектор / одделение за финансии, сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес следејќи ја повеќе од дведецениската традиција и обезбедувајќи континуитет во областа на одржување обуки од областа на спроведувањето на пописите, како и следејќи ги потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на работилниците со наслов:

**„Спроведување на попис на средствата, побарувањата и обврските, усогласување на фактичката и сметководствената состојба во деловните книги кај буџетските корисници и јавните претпријатија“**

## ►►► Кога и каде ќе се одржат работилниците?

Здружението организира две работилници, од кои првата работилница е со физичко присуство, а втората работилница е Online работилница.

- Работилницата со физичко присуство ќе се одржи на ден **16.11.2021 година**, со почеток **во 9.00 часот**, во „Дом на АРМ“ – Скопје.
- Online работилницата ќе се одржи на ден **17.11.2021 година**, на платформата **ZOOM**, со почеток **во 9.00 часот.** Потребно е учесниците да бидат регистрирани на платформата **ZOOM** истиот ден до 8.45 часот, за што непосредно пред почетокот на работилницата ќе им бидат доставени корисничко име (user name) и лозинка (password). Работилницата ќе заврши во 13.00 часот.

## ►►► За кого се наменети работилниците?

Работилниците се наменети за вработените во одделите за финансии, сметководство, правни работи, внатрешна ревизија и за лицата номинирани во пописните комисии, а вработени во: единиците на локалната самоуправа; буџетските корисници; единките корисници; јавните здравствени установи; јавните установи; јавните претпријатија / Јавно комуналните претпријатија; акционерските друштва; регулаторните тела; невладините организации и други заинтересирани страни.

## ►►► Зошто да учествувате на работилниците?

Спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските, како и усогласувањето на фактичката и сметководствената состојба во деловните книги кај буџетските корисници и јавните претпријатија претставуваат многу битни активности кои имаат за дел утврдување на фактичката состојба, усогласување со сметководствената состојба, а во крајна линија се во функција на подготовка на годишната сметка /завршната сметка.

Размената на знаења, информации, добри практики, како и правилната примена на законската регулатива (Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници; Правилник за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Закон за трговските друштва; Правилник за начинот на вршење попис на средствата и обврските) се неопходни за законско, правилно и навремено спроведување на пописите и за усогласувањето на сметководствената состојба со фактичката состојба.

## ►►► Теми и области на работилниците

На работилниците детално ќе бидат разработени следните глобални теми / области:

– **Попис на средства и обврски кај буџетски корисници и јавни претпријатија**
– **Амортизација и ревалоризација кај буџетски корисници и јавни претпријатија**
– **Непризнати расходи за даночни цели**
– **Сметководствени политики и начела кај регулаторни тела и непрофитни организации**

Покрај тоа, учесниците на работилниците ќе имаат можност да добијат одговори на поставените прашања и насоки за законско и правилно постапување.

## ►►► Предавач

Предавачот ангажиран за одржување на работилниците е експерт – практичар со долгодишно искуство во областа на менаџирањето и ревизијата на јавните финансии.

## ►►► Надомест за учество на работилницата

1. Надомест за учество на работилницата со физичко присуство во „Дом на АРМ" (16.11.2021 година) изнесува **6.000 денари со вклучен ДДВ** по учесник, за добивање на работните материјали, сертификат за учество, кафе паузи и ручек. Транспортот е на товар на учесниците.

2. Надомест за учество на Online работилницата, на платформата ZOOM (17.11.2021 година) изнесува **4.000 денари со вклучен ДДВ** по учесник, за добивање на работните материјали и сертификат за учество.

Надоместот за учество на работилницата можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија,**
**сметка 300 270 000 017 628, Комерцијална Банка АД Скопје или на**
**сметка 200 000 026 137 030, АД Стопанска Банка – Велес**
**даночен број MK4004997107233**

## ►►► Пријавување за работилниците

Ве молиме учеството на работилниците да го пријавите во Здружението на финансиските работници со доставување на пополнети пријави за учество на обуката на e-mail zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларите за пријавување на учество на работилниците и агендите се поставени на нашата веб страна: https://zfr.org.mk/. За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку наведетените e-mail адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилниците.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

**Прилог:** Агенда